Совет на Општина Делчево
Број 09-2123/3

27.10.2023 година

Делчево

ЗАПИСНИК
Од одржаната 28.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на 27.10.2023 година (четврток), во Мултифункционалниот центар, со почеток во 08:40 часот. На седницата присуствуваа 15 членови на Советот.

Отсутни немаше.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот на Општина Делчево, Гоце Попов, која за седницата го предложи следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записник од 27.седница**

1. Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за воспитната 2022/2023 со Заклучок за усвојување;

2. Годишна програма за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2023/2024 со Заклучок за увојување;

**Образлагач**: Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели цветови"-Делчево.

3. Предлог-Одлука за финансиска помош по барање број 09-2122 од 20.10.2023 година;

4. Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Горан Велков-Директор на ООУ „Св.Ванчо Прке"-Делчево

5. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

**Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделение за буџет.

6.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;

7. Прашања и предлози на членови на Совет

Беше отворена расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА и 6 „ВОЗДРЖАНИ".

Беше отворена расправа по Записникот од 27.седница.

За збор се јави Иван Гоцевски кој имаше забелешка за многу неодговорени прашања од страна на градоначалникот и општинската администрација. Тој реагираше на начинот на одговарање на прашањата и на арогантниот и дрзок тон и побара да се коригира ваквиот игнорантски, арогантен и навредлив тон на обраќање кон советниците и таквото одговарање на прашањата со кое се навредува интелегенцијата и интегритетот на советниците бидејќи пред се

не е коректно кон советниците. Во таа смисла тој рече дека пипонижен совет од Советот на Општина Делчево, нема никаде во Македонија и јавно праша како може ниту еден член на Советот да не биде официјално поканет на буџетски форум имајќи предвид дека Советот е надлежниот орган кој го донесува буџетот, ребалансот, годишните сметки и слично. Исто така, тој реагираше и на фактот што градоначалникот не доаѓа на седниците на Советот иако согласно Законот за локална самоуправа, Деловникот и Статутот градоначалникот и раководните лица имаат право, но и обврска да присуствуваат на седниците на Советот, исто како што имаат обврска да одговараат на поставените советнички прашања, предлози, иницијативи и барања. Тој имаше забелешка и за реализацијата односно извшувањето на одлуките што ги донесува Советот бидејќи има многу такви нодлуки кои Советот ги донел, а се уште не се реализирани.

Претседателот на Советот рече дека прашањата и предлозите, како и иницијативите од советниците од негова страна секогаш благовремено се доставуваат до градоначалникот и надлежните сектори и одделенија. Неговата законска обврска е до тука, тој нема законска можност да интервенира за одговарањето или неодговарањето на прашањата, а најмалку да навлегува во одговорите на прашањата, односно во нивната содржина. За некои забелешки кои се изнесени од страна на Иван Гоцевски, претседателот истакна дека и тој се согласува со истите. Претседателот на Советот рече дека овие забелешки се во ред, но не се однесуваат на Записникот од 27.седница и затоа апелираше до советникот да дискутира по Записникот од 27.седница на Советот.

Реплика на Иван Гоцевски имаше Кирил Тренчевски кој рече дека не е во ред кога зборува Иван Гоцевски во името на сите советници. Тој треба да зборува за неговите лични ставови и од името на советничката група на ВМРО ДПМНЕ, а не од името на сите советници.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по Записникот од 27.седница на Советот беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 27.седница.

Прва точка-Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2022/2023 со Заклучок за усвојување;

Оваа точка ја образложи Б.Симовска директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која рече дека Годишниот извештај за работа на градинката, претставува законска и статутарна обврска на градинката и ја презентира состојбата во врска со организацијата и реализацијата на целокупната дејност во детската градинка како организиран вид за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст. Истиот е од јавен карактер и е изготвен согласно тезите поставени од Министерство за Труд и Социјална Политика - Сектор за заштита на децата. Сите цели и задачи кои беа поставени со Годишната програма за работа на градинката во смисла на создавање и обезбедување на оптимални услови за успешно згрижување и воспитување во воспитната 2022/2023 година, беа целосно реализирани како во квантитативна така и во квалитативна смисла. ОЈУДГ,,Весели Цветови,,својата работа како дел од целокупниот воспитно-образован систем на Република Северна Македонија ја реализираше одговорно и совесно преку соодветно планирање, програмирање, евалуирање и евидентирање на истата.

Годишниот извештај на градинката исто така овозможува сумирање на позитивните резултати од секојдневната работа како и согледување на одредени слабости, со цел подобрување на: соработката со семејството и поширока локална средина, здобивање со нови знаења, вештини и навики, развивање кај децата и вработените свест за општествена одговорност и активно вклучување во општествениот живот, развивање смисла за прифаќање, доживување и вреднување естетски вредности, изградување на хумани односи меѓу половите и правилен однос спрема животната средина и др.Воспитно - образовната и згрижувачка дејност

на ОЈУДГ ,,Весели Цветови,, Делчево како дел од севкупниот виспитно - образовен процес во текот на 2022/2023 година, се реализираше преку соодветно планирање, програмирање,евидентирање и евалуирање на работата на установата.Својата работа градинката ја засноваше на почитување на законските, статутарните и програмските регулативи како и најновите педагошко - психолошки сознанија.Основната дејност-згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализираше преку: згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско - рекреативни, културно забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот , емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 9 месечна до 6 годишна возраст, односно до вклучување во основно образование. За таа цел во текот на изминатата година, се користеа Основите на Програмата за воспитно - образовна работа со децата од предучилишна возраст во установата донесена од МТСП на Република Северна Македонија и се продолжи со имплементација на документот Стандарди за рано учење и развој на деца од 0 до 6 години.Холистичкиот пристап на кој се базира развојот и учењето на детето до предучилишна возраст се однесува на обезбедување на безбедна и сигурна околина за учење и развој, зајакнување на развојната подготвеност за училиште, како и формирање на правилни навики за заштита на здравјето на детето. Доколку имате прашања, повелете, рече директорката на детската градинка.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша дали има проекти кои биле планирани со програмата, а не биле реализирани во 2023 година?

Директорката рече дека сите цели и задачи кои биле поставени со Годишната програма за работа на градинката во смисла на создавање и обезбедување на оптимални услови за успешно згрижување и воспитување во воспитната 2022/2023 година, биле целосно реализирани како во квантитативна така и во квалитативна смисла. Таа истакна дека овој извештај се однесува пред се за раеализација на основната дејност на градинката.

Иван Гоцевски рече дека има забелешка од техничи карактер, на страна 26 каде стои дека:„ Во делот на објектите истакнуваме дека поради намален број на деца во летниот период објект 1 и објект 3 во с.Разловци во периодот јуни-август не работеа.Децата од објект 1 се згрижуваа во објект 2“. Тој истакна дека забелешката е во тоа што во објектот во с. Разловци цела година немало деца, а не само во периодот јуни-август.

Директорката истакна дека се работи за техничка грешка.

Сашко Ивановски имаше забелешка на материјалот во врска со Годишниот извештај во смисла дека нема потпис, печат и архивски број.

Директорката рече дека тоа е така бидејќи до советниците најверојатно е копиран и доставен материјал кој бил пуштен на е-маил, инаку и извештајот и прогрмата уредно се доставени во архива, потпишани и со печат.Во делот на реализација на програмата на установата биле реализирани сите програмски активности совесно и внимателно почитувајќи ги правилниците,законите и потребите на родителите и децата.Уште на самиот почеток беше обезбедено се што е неопходно за отпочнување на новата воспитна година и непречено функционирање на установата во секој поглед, истакна Б.Симовска.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2022/2023.

Втора точка-Годишна програма за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за 2023/2024 со Заклучок за увојување;

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево која истакна дека и овој документ се однесува на воспитно-образовниот процес на установата. Беа истакнати појдовните основи за донесување на овој документ, целите и задачите кои треба да се реаалзираат во наредната 2024 година, истакнувајќи го значењето на раниот детски развој и раното детство, кои се важни за севкупниот развој на личноста на секој еден поединец. Таа истакна дека теоријата и практиката го промовираат холистичкиот пристап и поттикнувањето на раното учење и развој кај малите деца. Општествените процеси на демократизација се рефлектираат во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст и бараат доследна практична примена на стручно-научните сознанија како и доследна примена на хуманистичко-теоретскиот педагошко-психолошки процес во толкувањето на детската личност.Целокупните воспитно-образовни активности во современото предучилишно воспитание треба да бидат насочени кон почитување и задоволување на потребите, интересите и можностите на секое дете. Развојот претставува процес на промена кој настанува како резултат на почитување на индивидуалните карактеристики на детето, следење на неговите внатрешни потенцијали и природниот развој во кој детето ги зголемува и ги зајакнува вештините за движење, размислување, чувствување и зборување.

Улогата на градинката во новото време е се позначајна, како од аспект на социјалната средина така и од аспект на квалитетот на воспитувањето. Имајки во предвид дека живееме во еден екстремно бурен период, испреплетен со транзиција, брз економски развој, светска економска криза, улогата на градинката како еден подсистем на системот, место за првична социјализација на децата и како место во кое се одвива не само престој и учење туку и место во кое се реализира воспитно-образовна работа со децата подготвувајќи ги за живот, е од огромно значење. Детската градинка треба да презема активности со цел да креира услови за сознавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко-откривачки процеси и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете, со што се поттикнуваат и развиваат моторичките, јазичните, когнитивните и социо-емоционалните вештини.Сите овие елементи се клучни во процесот на развојот, учењето и постигањето успех во понатамошниот развој на детето. Во продолжеие директорката зборуваше за холистичкиот пристап на кој се базира развојот и учењето на детето од предучилишната возраст кој се однесува на обезбедување на безбедна и сигурна околина за рано учење и развојната подготвеност за училиште, како и формирање на правилни навики за заштита на физичкото и психичко здравје на детето.

Градинката запишува и врши прием на деца врз основа на пријава преку целата година. Програмата на ОЈУДГ„Весели Цветови“ - Делчево се изготвува во согласност со Законот за заштита на децата на Република Северна Македонија, Статутот на установата, Програмата за рано учење и развој базирана врз Стандардите за рано учење и развој, донесена од Министерството за труд и социјална политика како и програмата за еколошка едукација на децата од предучилишна возраст и врз основа на развојниот план на установата.

Во оваа воспитна 2023/2024 година ОЈУДГ „Весели Цветови“ својата дејност ќе ја врши во 14 воспитни групи со 360 деца. Во објект број 2 вкупно 338 деца. Во Објект број 1 поради незавршената соодветна адаптација на просторот ќе бидат згрижени 22 дечиња во една група на возраст од 5-6 години. Во с.Разловци до периодот на изготвување на програмата немаше ниту едно дете пријавено за престој во градинка за да може истата да функционира. Градинката денес е препознатлива по своите активности кои ги реализира во рамките на Општината и претставува важна-основна алка во синџирот на воспитно образовниот систем на децата, што пак е причина повеќе за зголемена заинтересираност за запишување на децата во неа.Тоа секако создава чувство на задоволство кај вработените во неа заради укажаната доверба од родителите, но и

мотив за уште поголем ангажман за изнаоѓање модели и начини за поголем опфат на децата во градинка. Со потпишување на договорот со изведувачот и МТСП конечно отпочнуваат градежните работи за изградба на нов објект на детската градинка.Целокупните воспитно - згрижувачки активности во градинката се насочени кон почитување и задоволување на потребите, интересите и можностите на децата.Развојот претставува процес на промена кој настанува како резултат на почитување на индивидуалните карактеристики на детето, следење на неговите внатрешни потенцијали и природен развој во кој детето ги збогатува и ги зајакнува вештините за движење, размислување, чувствување, зборување и сл.Холистичкиот пристап врз кој се базира развојот и учењето на детето од предучилишна возраст за нас значи и обезбедување на безбедна и сигурна средина за учење и развој, зајакнување на развојната подготвеност за училиште, како и формирање на правилни навики за заштита на здравјето на детето.Фактот дека секое дете има свои интелектуални специфики и равојни потенцијали, бара негово поставување во партнерски однос со сите субјекти во воспитно – образовниот процес.вРазвојните законитости кај секоја детска индивидуа претставуваат императив за потребата од сознавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко – откривачки процеси и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете. Посветеноста со многу љубов и трпеливост се несогледливо значајни во развојот на детето. Ако го почитуваме овој принцип, не може да погрешиме.

Во Годишната програма на ОЈУДГ ,,Весели Цветови,, Делчево за воспитната 2023/2024 година планирани се активности за давање поддршка на децата и семејствата и едукација која опфаќа специјални програми за подобра адаптација на децата и родителите во Установата.Целокупните воспитно-образовни активности во предучилишното воспитание се насочени кон почитување и задоволување на потребите, интересите и можностите на секое дете. Родителите како први природни учители на своите деца и воспитувачите во градинката заеднички имаат огромна одговорност на децата да им помогнат во нивниот развој и напредок, во нивното обликување како одговорни граѓани на сопствената држава и како интегрирани граѓани на светот.Основа за дефинирање на програмските задачи и содржини за работа во текот на воспитната 2023/2024 година ги чинат просторните, материјалните и кадровските потенцијали на Установата, реалните потреби на родителите и подршка од Основачот - Локалната самоуправа на Општина Делчево и МТСП.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша дали во новата годишна програма ќе направи некои измени за децата во с.Разловци, односно да се направи нешто за тие деца, нивните родители да бидат ослободени од плаќање на надоместок за престој во детската градинка. Станува збор за мала бројка на деца и Вие како директор го иматебтој податок, рече таа.

Во однос на работата на објектот во с. Разловци директорката истакна дека во месец август и месец септември, ниту еден родител од с.Разловци не поднел пријава за престој на неговто дете во градинка, ниту еден родител не покажал интерес да дојде во градинката и да поразговара во врска со нивното дете кога биле организирани таканаречените отворени денови. Исто така директорката со дел од вработените од Детската градинка неколку пати биле во с.Разловци, го отварале самиот објект и биле таму по 3-4 часа, но никој не покажал интерес. Друга работа е тоа што во делот на ослободувањето на дечињата од надомест за престој, постои Правилник со кој е регулирано тоа и таа како директор мора да го почитува и законот и Правилникот. Во Правилникот е пропишано кој и под кои услови може да биде ослободен од плаќање надомест за престој-самохран роситељ по дефиниција со ниски примања и корисник на гарантирана минимална помош. Ослободувањето на некои деца во однос на други е дискриминирачки, инаку идејата е добра, но ајде сите заедно и вие како советници и ние како детска градинка да најдеме начин како да се изведе тоа, рече директорката на детската градинка.

И јас сакам да работи објектот во с.Разловци, штета е, убав е објектот има добри услови, зошто да биде така, да најдеме начин заеднички да го решиме проблемот, рече таа.

Иван Гоцевски рече дека можеби директорката како одговорно лице на градинката треба да разговара со сопствениот на приватната форма/конфекција во с.Разловци  кој има сериозни странски партнери да се најде некое решение за децата на нивните вработени затоа што поради тоа што нема кој да ги чува децата (не работи градинката) голем број на мајки кои се вработени во таа фирма се приморани да седат дома и да ги чуваат своите деца. Можеби треба да се направи тим со вработени од градинката, советници и да се разговара со сопствениот на фирмата, рече тој.

Директорката се заблагодари на конструктивниот предлог и рече дека на сите им е познато колку е тешко во денешно време да се обезбедат финансии за било што. Станува збор за две мајки кои односно две дечиња кои моментално се смесстени во објект 1 и објект 2 во Делчево бидејќи нивните родители си купиле куќи тука во Делчево. Други деца нема, нема други пријави, едноставно родителите не поднеле пријава до нас како градинка и јас немам пријава за друго дете. Сум разговарала и со директорот на таа конфекција, рече таа.

Сашко Ивановски имаше забелешка од технички карактер-исто како и за извештајот и на Програмата нема печат, архивски број и потпис, рече тој.

Директорката рече дека и Програмата била доставена електронски и затоа нема печат и потпис и ги покажа на советникот оригиналите кои се доставени до архива.

Сунчица Ѓорѓиева која имаше едно прашање до директорката во врска со холистичкиот пристап на кој во оваа Програма му е посветено големо внимание и праша дали во детската градинка има доволно персонал, дали воспитачките имаат доволно време да му се посветат на секое дете и дали има потреба од вработување на дополнителен кадар во детската градинка бидејќи има зголемен број на дечиња?

Директорката се заблагодари на прашањето  на советничката и рече дека детската градинка има потреба од вработувања на кадар и воспитувачи и негователи и затоа постојано се вработуваат и негователи и воспитувачи.Проблем има кај најмалите груои 3-4 години, како и во јаслениот дел, а со отварањето на новата детска градинка градинката дополнително ќе се соочи со недостиг на стручен кадар (воспитувачи и негователи) каде се ангажирани некогаш и по 3 негователи. Посебен проблем претставува ако во групата има најмалку барем едно детенце со некаков проблем, со говор, со развој, тогаш и со закон е пожелно ангажирање на дополнителен стручен кадар. Кај младите луѓе нема интерес да учат и студираат за воспитувачи и негователи и во догледно време тоа би претставувало навистина голем проблем, рече таа.

Иван Гоцевски се јави за збор и рече дека пред да и постави прашања на директорката сака да и се заблагодари бидејќи таа е првиот директор кој во својата Програма за наредната година препознала многу идеи кои биле идеи на новиот концепт на ВМРО ДПМНЕ 800+ .Тој истакна дека во делот 8. Потреби на детската градинка, може да се забележи дека се посветува внимание на  модернизацијата на воспитно-образовниот процес, во Детската градинка, што е за поздравување ја праша директорката колкав е процентот на потрошени средства од ставката договорни услуги во 2022 година за набавка на нагледни средства, реквизите, играчки и слично?

Реплика имаше Кирил Тренчевски кој рече дека  ова е седница на Совет на Општина Делчево, а не партиски состанок на ВМРО ДПМНЕ и нивниот концепт. Можеби вие како политичка партија сте ги презеле проектите и идеите од програмата на детската градинка, а не таа од вашиот концепт, рече К.Тренчевски.

Контра реплика имаше Иван Гоцевски кој рече дека нема да навлегува во дискусијата на координаторот на Советничката група на СДСМ туку праша дали месец  јули/август е порано или октомври/ноември.

Претседателот на Советот апелираше до И.Гоцевски да се придржува на точката на дневен ред и истакна дека Програмата на градинката не е изготвена во октомври или ноември, тоа е процес кој се подготвува подолго време и ја повика директорката да земе збор.

Билјана Симовска истакна дека за да дојде Годишната програма на установата на седница на Совет таа минува низ долг процес на подготовка. Процесот започнува околу 1015 јуни за да веќе во месец јули, 15 јули директорот ја има изготвено Програмата за наредната година. Таа прво минува на Управен одбор, а потоа и на Совет. Се работи повеќе време, мова програма содржи точки за кои викате дека се ваши, а се всушност од 2018 година и се ставаат повторно бидејќи не се реализирале. Кога таа била воспитувач во кујната на детската градинка избивале фекалии, сега е направена целосна реконструкција на кујната, дел од вас сте имале можност и да ја видите, најсовремена кујна во детска градинка во источниот дел на државата. Кај нас во градинката често доаѓаат инспекции, не е најден ниту еден наод, земени се брисеви од раце, од играчки, од работни површини, од вработените, единствена забелешка се круговите на плафинот, кои се предизвикани од невремето. Инаку, пред се, ова е Програма за воспитно-образовната дејност на градинката која има и развоен план. Што се однесува до набавка на играчки, тоа се прави постојано,секоја година, се набвуваат и нови постелнини рече таа.

Иван Гоцевски реагираше до претседателот на Советот бидејќи не ја опоменал директорката која не се придржувала на дневниот ред и рече дека практично индиректно ја обвинил директорката дека им ја дала програмата на детската градинка на нивната политичка партија.

Претседателот на Советот рече точно дек дел од излагањето на директорката можеби не били поврзано со точката на дневен ред, ама дел е одговор на Вашето излагање дека директорката ги презела проектитите и идеите од Вашиот концепт, рече тој. Битно е тоа што и вие како политичка партија сте ги препознале идеите и проектите на директорката од Програмата и сте ги вметнале во Концепт 800+, а на крајот на краиштата и не е важно кој, што и како, важно е дека тоа се добри проекти за децата и граѓаните, рече тој.

Сашко Ивановски исто така реагираше на излагањето на директорката бидејќи таа образлага Годишна програма за 2024 година и требало да кажува што ќе работи наредната година, а не да кажува што било и како било во 2018 година. Таа спомнала за фекалии во кујната во 2018 година, тој рече дека не се сеќава на такво нешто, но истакна дека во тој период се направил/реконструирал целиот објект.

Иван Гоцевски ја праша директорката колку вкупно средства се пренесуваат од година во година, колку е салдото на сопствената сметка?

Претседателот рече дека тоа не е на дневен ред и директорката не мора да даде одговор на тоа прашање.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка, беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната програма за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за 2023/2024.

**Трета точка-Предлог-Одлука за финансиска помош по барање број 09-2122 од 20.10.2023 година;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече до Советот е доставено барање од страна на наш сограѓанин кој е невработен и е во лоша финансиска состојба и кој се соочува со голем проблем бидејќи постои можност од уривање на два ѕида на неговата семејна куќа во с. Тработивиште. Барањето го поднел со цел Советот да му помогне со финансиски средства. Претседателот рече дека бил на терен, на лице место, ја констатирал состојбата и предложи сума од 30.000 денари.

Беше отворена расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека ваква или слична ситуација имало претходно, на една од седниците, но тогаш Советот (претседателот) се оградил од тоа со образложение дека Советот не може да одобрува средства за таа намена, а сега во овој случај е поинаку. Тоа не е во ред, селективно е, знаеме за кој се однесува ова барање и затоа ја користам оваа прилика да ги повикам граѓаните кои имаа таков проблем да поднесуваат барања до Советот, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека од увидот на терен констатирал дека навистина има опасност од уривање на два носечки ѕида, а што се однесува до забелешката на С.Ивановски тој рече дека секако секој советник може да се огради од овој предлог и оваа одлука и да гласа по сопствено убедување.

Оливера Ташевска рече дека не е во ред на некои баратели да се прифаќаат барањата, а на некои не (посочи пример за некои наши сограѓани од с. Разловци).

Кирил Тренчевски рече дека на дневен ред е конкретна одлука и дискусиите треба да бидат по точката на дневен ред. Не ги мешајте работите, вие не морате да ја поддржите оваа одлука, истакна тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош по барање број 09-2122 од 20.10.2023 година;

**Четврта точка- Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Маријана Стоименовска помошник директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која рече дека оваа точка е Измена на ГПВ на ООУ „Ванчо Прке“ за 2023 година од причини што тоа работно место хигиеничар не било ставено во планот бидејќи во тек била постапката за инвалидска пензија за вработениот кој во меѓувреме починал. Исто така, таа истакна дека е планирано пензионирање и за ПУ во с.Ѕвегор.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ нема воопшто да гласа за овој план, односно ќе се воздржи од гласање.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 1 гласа „ЗА„ , 7 „ВОЗДРЖАНИ“ и 7 не гласале воопшто, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок **за неусвојување** на Измената на Годишниот план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2023 година.

**Петта точка-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;**

Во врска со оваа точка претседателот на Советот пред сите советници го презентираше известувањето од претседателот на Комисијата за буџет, Кирил Тренчевски дека од оправдани причини не бил во можност да ја свика и одржи седницата на Комисијата за буџет и Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година не се разгледани на комисија.

Од тие причини, претседателот на Советот ја прекина 28.седница на Советот и рече дека советниците ќе бидат известени за нејзиното продолжение.

Седницата заврши со работа во 9 часот и 50 минути .

Записникот го водела,
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов